**20161924420**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15,17/16 и 37/16) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 ГОДИНА

## I. Вовед

Туберкулозата се уште претставува глобален медицински проблем пред се во неразвиените земји и земјите во развој. Денес,една третина од светската популација е инфицирана со туберкулозниот бацил. Кај 10% од инфицираните во текот на животот се развива болест.Според податоците на Светската здравствена организација, секоја година во светот се регистрираат над 8 милиони нови случаи на туберкулоза, а умираат над 2 милиони. Појавата на резистентни форми на туберкулоза чиј број континуирано се зголемува, е една од причините која придонесува за големината на проблемот со туберкулозата. Денес во светот има приближно половина милион заболени од резистентни форми на туберкулоза. Епидемијата на ХИВ/СИДА во светот придонесе за значително зголемување на бројот на болни од туберкулоза.ХИВ инфекцијата е најмоќен познат фактор што овозможува прогресија на туберкулозната инфекција во болест.

## II. Моментална состојба

Во 2015 година во Република Македонија регистрирани се 285 случаи на туберкулоза. Од регистрираните 218 (76,1%) случаи се со белодробна форма на туберкулоза а 67(23,9%) со вонбелодробна. Инциденцата изнесува 13,8/100 000 население, и е значително намалена во однос на 2013 година, кога изнесувала 15,6/100 000 население. Намалена е и стапката на детска туберкулоза 5,4/100 000 население (19болни). Бројот на умрени од туберкулоза во 2014 година изнесуваше 23(0,9/100 000 население). Во 2014 година во Република Македонија регистрирани се два нови случаи со мултирезистентна форма на туберкулоза.

Во последните години во Република Македонија бележиме подобрување на епидемиолошката состојба со туберкулозата. Но, лошата социјално економска состојба поради невработеноста, сиромаштијата, стигмата, големиот број на хронични незаразни болести се фактори кои придонесуваат проблемот со туберкулозата во Република Македонија и натаму да перзистира. Ова наметнува потреба од постојана активност од надлежните институции одговорни за контрола на болеста.

## III. Мерки кои треба да се превземат за подобрување на состојбите

Со цел за што поуспешна контрола на туберкулозата во Република Македонија, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата, особено онаа предизвикана од резистентни соеви на Mycobacterium tuberculosis, спречување на коинфекција меѓу

туберкулозата со ХИВ инфекцијата, неопходно е да се превземат сите расположиви превентивни мерки кои придонесуваат за рано откривање и спречување на болеста. Сепак најдобра превентивна мерка е правилно и навремено лекување на секој болен од туберкулоза со што се прекинува ланецот на ширење на инфекцијата.

## IV. Цели на Програмата

Целите на Програмата се зацртани со секоја програмска активност.

**1.1. Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со селективна радиофотографија:**

Со цел рано откривање на болните од туберкулоза и други неспецифични белодробни заболувања се врши селективно радиофотографско снимање на лица кај кои постои поголема опасност од заболување од туберкулоза. Тоа се лица кои спаѓаат во т.н. ризични групи: затвореници, болни во психијатриски болници, привремено раселени лица, бездомници, популација со поголема стапка на заболување од туберкулоза во однос на националата(Роми), подрачја со поголема стапка на заболување од туберкулоза, корисници на дроги и сл.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

1.2. Дообработка на сомнителни ртг наоди: цел на активноста е прегледаните лица со радиофотографско снимање и сите сомнителни ренгенолошки наоди дополнително да се обработуваат. Во 2017 година се планира со дообработка да бидат опфатени 100 лица. По извршената дообработка се изготвува Извештај.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**2. Активно откривање на болни од туберкулоза(преглед на контакти)**

Како контекти се испитуваат:

- Сите лица кои биле во контакт со болен од микроскопски позитивна туберкулоза
- Сите членови на семејството на болен од микроскопски негативна туберкулоза
- Родителите и другите членови на семејството на болно дете (до 14 годишна возраст)

Минимум испитувања за преглед на контакти:

- Возрасни: рентгенграфија на бел дрон и директна микроскопија два искашлока
- Деца: испитувањето се состои од туберкулинско тестирање по методата на Манту и квантиферон тест по индикација поставена од лакар, рентгенграфија и директна микроскопија два искашлока.

За испитаните контакти се пополнува формулар кој се доставуваво Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза за обработка

Извршители: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, стационарите и диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза.

**3. Мониторинг-евалуација и стручно методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза со цел да се подобри организацијата на работата, обемот и квалитетот на стручната работа, спроведување на превентивни мерки, водење на медицинската документација за случаите со туберкулоза и сл.**

Тимот за мониторинг и евалуација го сочинуваат експерти од Институтотза белодробни заболувања и туберкулоза. Се мониторира и евалуира по два пати годишно работата на 25 установи и тоа: 4 болници, 15 диспанзери, 3 психијатриски болници, 3 Казнено-поправни установи во Скопје, а по потреба идруги Казнено поправни установи во Македонија.

За извршениот стручно методолошки надзор се изготвува Извештај со предлог мерки за надминување на идентификуваните проблеми за секоја установа посебно

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**4. Работилница за БЦГ имунизација, дијагноза и лекување на Латентна туберкулозна инфекција за здравствени работници**.

Со цел да се освежат знаењата, се презентираат новините и практично се проверуваат знаењата во врска со БЦГ имунизацијата, дијагнозата и лекувањето на латентната туберкулозна инфекција и превенцијата на туберкулозата.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**5. ДОТ активности имаат за цел непосредно да се контролира лекувањето на болните од туберкулоза, со цел да се спречи прекин и несоработка на болниот во текот на лекувањето.**

Под ДОТ активности се подразбира непосредна контрола на лекувањето и следење на болните со туберкулоза, како и здравствено просветување преку разговор со болните и нивните семејства во домот на болниот.

За извршената посета, медицинското лице кое ја реализирало посетата, да пополнува формулар кој ги содржи наодите од посетата. Истиот треба да биде потпишан од болниот и членовите на семејството присутни при посетата. Формуларите се доставуваат тековно до Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза каде се обработуваат.

Извршители: Институтот за белодробни болести и туберкулоза, Диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза

**6. Печатење на пропаганден материјал има за цел да го подигне нивото на знаење за туберкулозата во селектирани групи на население и општа популација.**

Во текот на 2017 година ќе биде подготвен, отпечатен и дистрибуиран пропаганден материјал наменет за различни целни групи и општа популација.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**7. Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрираните случаи на туберкулоза.** Има за цел да го спречи ширењето на туберкулозата преку лекување на новооткриените случаи на туберкулоза според стандардни режими на лекување препорачани од Светската здравствена организација.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**8. Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на болни со резистентни форми на туберкулоза** има за цел да го спречи ширењето на резистентните форми на туберкулоза, чие лекување е долготрајно, скапо и честопати неуспешно.

Иако, бројот на мулти и полирезистентни форми на туберкулоза во Република Македонија не е голем, сепак, неопходно е да се превземат сите превентивни мерки за спречување на појава на овие форми на туберкулоза. Нелекувањето на овие болни претставува можност за ширење на инфекција со тешки форми на болеста чие лекување трае најмалку 2 години со неизвесен исход и последици од лекувањето. Годишно, во Македонија се регистрираат 2-3 нови случаи на мулти или полирезистентна туберкулоза.

Резистентните форми на туберкулоза (РР, мулти и полирезистентните) се лекуваат исклучиво во Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза. Набавката и чувањето на лекови за овие форми на туберкулоза се врши од страна на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза врз основа на бројот на лица кои се лекуваат со нив.

Извршител:ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**9. Одржување на софтверот за туберкулоза**

Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза раководи со базата на податоци за случаите на туберкулоза во Република Македонија.Софтверот кој е лоциран во Институтот има потреба од континуирано одржување.

**10. Надомест на патни трошоци**

Лицата кои се лекуваат од туберкулоза, во тек на континуираната фаза од лекувањето треба да дојдат на 3 контролни прегледи во Институтот за што е потребно да им се надоместат патните трошоци.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни болести и туберкулоза

**11. Набавка на квантиферон тест**

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни болести и туберкулоза

## V. Финансирање

Извор на средства за реализирање на планираните активности во Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулоза кај населението во Република Македонија за 2017 година е Буџетот на Република Македонија за 2017 и тоа 25.000.000.00денари,од кои 20.000.000,00 денари од основен Буџет и 5.000.000,00 денари од сопствени средства на Министерството за здравство.

## VI. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Табела 1

| Бр | Активности | Извршители | Единечна цена (денари) | Индикатори | Вкупен износ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Спроведување на ПАЛ во пракса на општи лекари _Годишно советување на општи лекари | | 18.000,00 | 2 | 36.000,00 |
| 2 | Адекватна обработка на спутум- Организација на транспорт (Гориво за собирање на спутум) | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 64,00 | 1920 | 122.880,00 |
| 3 | Редовна надворешна проверка на квалитет (ЕКА)- Надзорни посети | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000,00 | 28 | 28.000,00 |
| 4 | Испраќање примероци до СНРЛ Милано | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 30.000,00 | 2 | 60.000,00 |
| 5 | Трошоци за скрининг на сомнителни од ТБ (партиципација) | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 600,00 | 210 | 126.000,00 |
| 6 | Континуитет на ДОТ активности- 3 ДОТ сестри Скопје | Здруженија | 30.750,00 | 18 | 553.500,00 |
| 7 | Континуитет на ДОТ активности- 1 ДОТ сестра Тетово | Здруженија | 30.750,00 | 6 | 184.500,00 |
| 8 | Континуитет на ДОТ активности- 1 ДОТ сестра Гостивар | Здруженија | 30.750,00 | 6 | 184.500,00 |
| 9 | Континуитет на ДОТ активности- 1 ДОТ сестра Куманово | Здруженија | 30.750,00 | 6 | 184.500,00 |
| 10 | Континуитет на ДОТ активности- Ангажирање на 2 ДОТ сестри за супервизија | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000,00 | 18 | 18.000,00 |
| 11 | Континуитет на ДОТ активности- Одржување на 6 возила на ДОТ | Министерство за здравство | 54.000,00 | 6 | 324.000,00 |
| 12 | Континуитет на ДОТ активности- Набавка на гориво за ДОТ | Здруженија | 64,00 | 6528 | 417.792,00 |
| 13 | Континуитет на ДОТ активности- Годишно советување за реализација на ДОТ активности спроведени од ДОТ сестри | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 450,00 | 10 | 4.500,00 |
| 14 | Експанзија на ДОТ активности на територија на Македонија | Здруженија | 432.000,00 | 1 | 432.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Идентификација на пациенти кои примаат прехранбени и хигиенски пакети _ Координација и мониторинг на дистрибуција на пакети | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000,00 | 72 | 72.000,00 |
| 16 | Набавка на прехранбени и хигиенски пакети за ТБ пациенти | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 2.500,00 | 1000 | 2.500.000,00 |
| 17 | Одржување и надградба на софтвер за електронска обработка на податоци за ТБ пациенти во Република Македонија | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.200.000,00 | 1 | 1.200.000,00 |
| 18 | Редовни Мониторинг посети- Посета на 16 ТБ диспанзери и 4 ТБ стационари | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000,00 | 80 | 80.000,00 |
| 19 | Редовни Мониторинг посети- Посета на 12 поправни институции и 4 психијатриски установи | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000,00 | 32 | 32.000,00 |
| 20 | Редовни Мониторинг посети- Посета на 7 лаборатории | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000,00 | 28 | 28.000,00 |
| 21 | Спроведување на ПАЛ во пракса на општи лекари _ Мониторинг и евалуација | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000,00 | 60 | 60.000,00 |
| 22 | Редовни Мониторинг посети- Одржување на возило | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 54.000,00 | 1 | 54.000,00 |
| 23 | Редовни Мониторинг посети- Гориво за M&E посети | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 64,00 | 1752 | 112.128,00 |
| 24 | Годишен состанок на претставници од институции кои спроведуваат контрола на ТБ | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.150,00 | 27 | 31.050,00 |
| 25 | Тренинг за ВСТ | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.150,00 | 22 | 25.300,00 |
| 26 | Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Тренинг на специјалисти за ТБ | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.300,00 | 27 | 35.100,00 |
| 27 | Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Тренинг на медицински сестри кои работат со контрола на ТБ | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.300,00 | 42 | 54.600,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Тренинг на општи лекари | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 23.400,00 | 4 | 93.600,00 |
| 29 | Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Тренинг на медицински кадар во затвори и поправни домови | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.300,00 | 22 | 57.200,00 |
| 30 | Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Акредитација на тренинг за специјалисти за ТБ и општи лекари | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 49.300,00 | 2 | 98.600,00 |
| 31 | Тренинг за јакнење на капацитетите на здруженија во лобирање и застапување | Здруженија | 1.300,00 | 22 | 28.600,00 |
| 32 | Тренинг за јакнење на капацитетите на здруженија во прибирање на финансиски средства од разни извори | Здруженија | 1.300,00 | 22 | 28.600,00 |
| 33 | Тренинг за јакнење на капацитетите на здруженија во прибирање на финансиски средства од разни извори | Здруженија | 11.000,00 | 1 | 11.000,00 |
| 34 | Набавка на медицински потрошен материјал - (солидни тврди подлоги- Ловенстен Јенсен) | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 80,00 | 5000 | 400.000,00 |
| 35 | Набавка на медицински потрошен материјал - течни подлоги за Бактек Мигит 320" | Министерство за здравство | 41.650,00 | 20 | 833.000,00 |
| 36 | Набавка на медицински потрошен материјал- лабораториски | Министерство за здравство | 685.180,00 | 1 | 685.180,00 |
| 37 | Набавка на лабораториски материјали и потрошен лабораториски материјал | Министерство за здравство | 330.000,00 | 1 | 330.000,00 |
| 38 | Набавка на потрошен материјал за Гене Х перт | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 800,00 | 250 | 200.000,00 |
| 39 | Набавка на Квантиферон тест | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 2.400,00 | 300 | 720.000,00 |
| 40 | Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрирани случаи на туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 2.003.190,00 | 1 | 2.003.190,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 41 | Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на резистентни форми на туберкулоза | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000.000,00 | 1 | 1.000.000,00 |
| 42 | ХИВ помеѓу ТБ пациенти- Советување (вцт) | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 30.000,00 | 2 | 60.000,00 |
| 43 | ВЦЦТза ТБпациенти | Министерство за здравство | | 0 | 0,00 |
| 44 | ТБ/ХИВ Активности за соработка - Квартални трошоци | Министерство за здравство | 18.000,00 | 1 | 18.000,00 |
| 45 | Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Набавка на гориво за флуоробус | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 64,00 | 2400 | 153.600,00 |
| 46 | Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Одржување на возило за флуорографско снимање ( флуоробус) | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 62.000,00 | 1 | 62.000,00 |
| 47 | Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи - флуорографско снимање и читање на резултати на терен | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000,00 | 160 | 160.000,00 |
| 48 | Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -4 лица за дистрибуција на покани за флуорографско снимање кај ризични групи | Здруженија | 600,00 | 320 | 192.000,00 |
| 49 | Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Мотивациони пакети за мобилизирање на таргетираните ризични групи | Здруженија | 200,00 | 8000 | 1.600.000,00 |
| 50 | Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Печатење информативен материјал (постери и покани) | Здруженија | 510.000,00 | 1 | 510.000,00 |
| 51 | Доработка на сомнителни РТГ наоди со актвно пронаоѓање на случаи | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 2.900,00 | 250 | 725.000,00 |
| 52 | Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Преглед на контакти | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 893,00 | 1000 | 893.000,00 |
| 53 | Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - Набавка на респиратори | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 295,00 | 3600 | 1.062.000,00 |
| 54 | Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - Набавка на маски и ракавици | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 5,00 | 83000 | 415.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 55 | Набавка на услуги за ДДД | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 90.000,00 | 1 | 90.000,00 |
| 56 | Проценка на ресурсите и адресирање на препораките од АЦСМ Стратегија - Состанок на Националната Комисија за ТБ | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.300,00 | 25 | 32.500,00 |
| 57 | Медиа кампања и ПР активности за лобирање и социјална мобилизација | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | 1.000.000,00 | 1 | 1.000.000,00 |
| 58 | Имплементација на локални акциони планови за одржливост на програмата | Здруженија | 1.418.711,00 | 1 | 1.418.711,00 |
| 59 | ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори - Координација на активноста | Здруженија | 18.000,00 | 6 | 108.000,00 |
| 60 | ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори - Спроведување на скрининг | Здруженија | 300,00 | 600 | 180.000,00 |
| 61 | ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори - Мониторинг посети | Здруженија | 1.000,00 | 12 | 12.000,00 |
| 62 | ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори - Административни и канцелариски трошоци | Здруженија | 4.100,00 | 6 | 24.600,00 |
| 63 | Едукација на ТБ пациенти и членови на семејства | Здруженија | 987.200,00 | 1 | 987.200,00 |
| 64 | Едукативни активности и скрининг кај високоризични групи (ИДУ, затвореници, сексуални работници, ПЛВХА, лица од ромска заедница, лица на ММТ, бегалци и азиланти) | Здруженија | 925.500,00 | 1 | 925.500,00 |
| 65 | Едукативни активности за високоризични групи | Здруженија | 200.000,00 | 1 | 200.000,00 |
| 66 | Човечки ресурси за превентивна програма - Програмско следење | Министерство за здравство | 50.961,00 | 3 | 152.883,00 |
| 67 | Човечки ресурси за превентивна програма - Финансиско следење | Министерство за здравство | 50.961,00 | 6 | 305.766,00 |
| 68 | Човечки ресурси за превентивна програма - Мониторинг и Евалуација | Министерство за здравство | 43.820,00 | 6 | 262.920,00 |
| | ВКУПНО: | | | | 25.000.000,00ден |

## VII.Средства – донации од глобален фонд

Исто така независно од Буџетот на Република Македонија се предвидени и средства за предвидените активности финансирани од програмата на Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија за периодот до 30.06.2017 година (табела 2).

Табела 2

**Планиран буџет за 2017**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Приходи | Подставка | **742119** | | **157.306.000,00** |
| | | | | |
| Расходи | Ставка | **420** | | **6.053.000,00** |
| | | **421** | | **10.265.000,00** |
| | | **423** | | **31.800.000,00** |
| | | **424** | | **2.532.000,00** |
| | | **425** | | **78.417.000,00** |
| | | **426** | | **3.840.000,00** |
| | | **480**<br>**481** | | **14.700.000,00**<br>**8.500.000,00** |
| | | **483** | | **0,00** |
| | | **485**<br>**486** | | **1.199.000,00**<br>**0,00** |
| Вкупно | | | | **157.306.000,00 ден** |

**Вкупно:157.306.000,00 денари**

## VIII. Извршители на Програмата

Извршители на Програмата се ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-Козле, Диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза во Македонија и Институтот по епидемиологија и биостатистика. Во имплементација на активностите финансирани од Глобален фонд, покрај Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза се вклучени и 6 здруженија на граѓани, и тоа: Невладина организација Хера, Невладина организација Хопс, Невладина организација Мерц, Невладина организација Доверба, Невладина организација (ЕЦДКОР) и Црвен крст на Република Македонија.

## IX. Доставување на Годишни извештаи и рокови

Секој извршител, податоците за своите реализирани активности тековно ги доставува до Централната единица на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза каде се обработуваат и се изготвуваат квартални извештаи. Квартлните извештаи се доставуваат до Министерството за здравство - Сектор за примарна и превентивна здравствена заштита, најдоцна 15 дена по завршување на кварталот.

Врз основа на кварталните извештаи, ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза изготвува Годишен извештај кој се доставува до Министерството за здравство - Сектор за примарна и превентивна здравствена заштита во првата половина на декември во тековната година.

## X. Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евулација)

Реализацијата на оваа програма се следи временски: квартално и годишно, преку зацртаните квантитативни цели. Централната единица на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза врши контрола на квалитетот на реализираните активности преку евалуација на доставените индивидуални информации од извршителите, врз основа на кои се изработуваат кварталните извештаи.

Направените долгови кон извршителите за 2016 година ќе бидат исплатени во тек на 2017 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7835/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Никола Тодоров**, с.р.